Одговор: Во однос на барањето од првата и втората алинеја, оспорен е Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) *во целина*, со поднесени иницијативи од страна на: 1.Ивица Ефремов од Велес и Стив Ангеловски од Битола, 2.Здружението „Светски македонски конгрес“ од Скопје, застапувано од претседател Тодор Петров од Скопје, 3.проф. д-р Јове Кекеновски од Скопје, 4.Васко Лазески, Петар Робески, Здравко Китаноски, Гоце Штерјоски, Адриана Вељаноска, Дарко Дејаноски, Јован Дејаноски, Симона Колеска, Дарко Најдески, Бранче Станишоска и Нена Хлоупек, сите од Кичево, 5.Политичка партија „ВМРО-ДПМНЕ“ од Скопје, застапувана од генерален секретар Игор Јанушев, 6.Ивана Митевска од Скопје, 7.Томе Тодоровски, адвокат од Свети Николе, 8.Клементина Брзановска од Скопје, 9.Владимир Стефановски од Скопје, 10.Солза Грчева, Наташа Трајкова, Мирјана Јанчева, Горан Настевски, Сашо Смилевски, Лидија Горачинова, Благородна Урдаревиќ, Слоботка Алексовска, Силвана Петровска, сите од Скопје, 11.Политичка партија „Левица“ од Скопје, застапувана од овластено лице доц. д-р Димитар Апасиев, 12.Здружението „Светски македонски конгрес“ од Скопје, застапувано од претседател Тодор Петров од Скопје, 13.проф.д-р Тања Каракамишева-Јовановска од Скопје, со изјави за поддршка од проф. д-р Саво Климовски, академик Ката Ќулавкова, проф. д-р Јасна Котеска, проф. д-р Ганка Цветанова, проф. д-р Александар Климовски, проф. д-р Родна Живковска, проф. д-р Александра Ѓуркова, проф. д-р Оливер Андонов, проф. д-р Симона Груевска - Маџоска, проф. д-р Владимир Божиновски, проф. д-р Иванка Василевска, проф. д-р Александар Спасеновски, проф. д-р Васко Наумовски и проф. д-р Александар Даштевски.

Барањето од алинејата три не претставува информација од јавен карактер која Судот ја создал или со која располага во смисла на одредбата од член 3 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со која е дефиниран поимот „информација од јавен карактер“.

Што се однесува до барањето од алинејата четири, во периодот од јуни 2021 година до февруари 2024 година, Судот функционираше во нецелосен состав. За овој предмет, на 18 март 2021 година, Уставниот суд одржа подготвителна седница согласно одредбите од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, а со оглед на значењето на предметот и интересот во јавноста, Судот има донесено два заклучоци, во 2023 и 2024 година, каде има заземено став дека овој предмет ќе биде разгледуван на седница на која ќе присуствуваат сите девет судии. За датумот кога истиот ќе се разгледува, информации ќе бидат објавени на интернет - страницата на Судот, www.ustavensud.mk.